sagemax

# Упатство за употреба

# WAX Disc

**за технологијата CAD/CAM & Press**

## Опис
Sagemax WAX Disc е направен за изработка на CAD/CAM од восочни реставрации. Примената опфаќа дентални восочни реставрации изработени со технологијата CAD/CAM за технологијата со притисок и леење.

## Својства
- Хемиски состав: Синтетички восок
- Боја: Сина
- Точка на образување капка при топење: 100 – 120 °C
- Густина: 0,92 g/cm$^3$
- Растворливост во вода: Нерастворливо

## Индикации
Производство на дентални восочни реставрации изработени со технологијата CAD/CAM за технологијата со притисок и леење.

## Контраиндикации
Не е одобрен за употреба директно во устата на пациентот

## Напомени за дизајнот
За дизајнот, следете ги упатствата на производителот за соодветната легура и керамика за обработка со притисок.

## Обработка со CAD/CAM
Блоковите Sagemax WAX Disc може да се обработуваат со помош на денталните системи за стружење CAD/CAM (следете ги упатствата на производителот).
При обработка на материјалот, користете само препорачани алатки за стружење за овој систем за стружење. Амбиенталната работна температура не треба да надминува 35 °C.

## Обработка по стружење

### Финиширање
По стружењето, одделете го обработениот предмет од дискот со помош на соодветна волфрам-карбидна алатка со напречен пресек. Финиширањето или приспособувањата на формата мора да се изведува со волфрам-карбидни алатки со напречен пресек. Материјалот може да се засили со помош на конвенционален восок за моделирање.

### Прикачување на каналот за леење
Правилата за избор и правилно позиционирање на каналите за леење зависат од легурата што се користи. Детални информации за легурите може да се најдат во соодветните упатства на производителот.

### Обложување калапи
Обложете ја внатрешноста на прстенот за леење со керамичка подлога. Измешајте го материјалот за обложување калапи и нанесете го под вакуум. Следете ги упатствата на производителот за материјалот за обложување калапи и легурата што ќе се користат.

**Чување**

– Да се чува на температура од 10 до 32 °C.
– Да се заштити од директна сончева светлина.
– Да се чува подалеку од дофат на деца!

**Фрлање во отпад**

Sagemax WAX Disc се состои од чист синтетички восок. Остатоците може да се користат за други приспособени примени на восокот. Восокот може да се фрли како обичен домашен отпад.

Материјалот е развиен исклучиво за употреба во стоматологијата. Нема да се прифаќа одговорност за штета настаната од неследење на Упатството или на пропишаната сфера на користење. Корисникот е одговорен за тестирање на материјалот за неговата соодветност и употреба за која било цел што не е изречно наведена во Упатството. Овие прописи важат и ако материјалот се меша или користи заедно со производи од други производители.

sagemax

Производител:
**Sagemax Bioceramics, Inc.**
34210 9th Ave. S., Suite 118
Federal Way, WA 98003 USA
Phone: +1 253 214 0389
info@sagemax.com
www.sagemax.com

EC REP

ЕС-претставник:
**AB Ardent**
Generatorgatan 8
19560 Arlandastad, Sweden
Phone: +46 8594 412 57
info@sagemax.com
www.sagemax.com

**Rx only**
**Само за употреба во стоматологијата.**

© 2019 Sagemax Bioceramics, Inc.

Датум: 2019-07-08/Рев.0
МК